20262123342

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 септември 2026 година.

Бр. 08-5492/1
3 септември 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 144/25, 252/25 и 266/25), во член 12 став (3) зборот „четири“ се заменува со зборот „пет“.

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) За именување на директор на Агенцијата  и заменик-директорот на Агенцијата се спроведува постапка за именување согласно со  Законот за високи раководители.“.

Член 2

Во членот 13 ставот (1) се менува и гласи:

„За директор на Агенцијата  и за заменик- директор на Агенцијата може да биде именувано лице кое ги исполнува условите согласно со Законот за високи раководители и не е член на органи на политичка партија.“.

Член 3

Членот 14 се менува и гласи:

„(1) На директорот на Агенцијата и на заменикот-директор мандатот им престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешуваат и мандатот им престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители.

(2) Покрај случаите од ставот (1) на овој член, директорот на Агенцијата, односно заменик-директорот може да биде разрешен и ако:

1) се утврди дека не ги исполнува условите од членот 13 од овој закон, без оправдани причини не ги почитува роковите за преземање дејствија утврдени со овој закон;

2) не го исполни годишниот план за работа на Агенцијата или

3) поради пропуст во раководењето, надзорот или организацијата на работата на Агенцијата, со правосилна судска пресуда е утврдена одговорност на вработен во Агенцијата за кривично дело поврзано со работењето и надлежностите на Агенцијата.“.

Член 4

Директорот и заменик-директорот именувани до денот на започнувањето со примената на овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кои се именувани.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.